19. VII. 1989

СЛУЖ[…]
НА СОЦИЈА[…]

4134 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 - ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр. 9

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Петок, 7 јули 1989
Скопје
Број 27 Год. XLV

Аконтацијата за 1989 година изнесува 130.000 динари. Овој број чини 3.000 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

**462.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПАТИШТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за патишта,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Соборот на општините одржани на 6 јули 1989 година.

Бр. 08-2496/1
6 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПАТИШТА

Член 1

Во Законот за патишта („Службен весник на СРМ" број 15/80, 26/80, 18/82, 13/86 и 28/88), во член 95 точката 1 се менува и гласи:

„1) Надоместокот за патиштата што се пресметува и наплатува кон цената на нафтените деривати".

Член 2

По член 96-а се додава нов член 96-б кој гласи:

„Член 96-б

Се ослободуваат од плаќање на надоместокот од точка 1 на член 95 од овој закон организациите на здружениот труд на железничкиот и езерскиот сообраќај, за количествата на дизел горивото што ги набавуваат исклучително за погон на моторни, шински и пловни објекти."

Член 3

Во член 99 се додава нов став кој гласи:

„Висината на надоместокот од точка 1 на член 95 од овој закон ја пропишува Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија".

Ставовите 1 и 2 стануваат 2 и 3.

Член 4

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

**463.**

Врз основа на член 15 и 16 од Законот за републичките совети („Службен весник на СРМ" бр. 27/75) и член 56, став 1 алинеја 7 од Деловникот на Претседателството на СРМ, Претседателството на СРМ на седницата одржана на 29 јуни 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СОСТАВОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОВЕТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОРЕДОКОТ УТВРДЕН СО УСТАВОТ

I

Во Одлуката за утврдување на составот на Републичкиот совет за заштита на поредокот утврден со Уставот („Службен весник на СРМ" бр. 19/86) во точката III наместо Александар Андоновски, за член на Републичкиот совет за заштита на поредокот утврден со Уставот по функција се именува Јован Трпеновски, републички секретар за внатрешни работи.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-679
30 јуни 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

**464.**

Врз основа на член 99, став 1 од Законот за патишта („Службен весник на СРМ", број 15/80, 18/82, 13/86, 28/88 и 27/89), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ПАТИШТАТА ШТО СЕ ПРЕСМЕТУВА И НАПЛАТУВА КОН ЦЕНАТА НА НАФТЕНИТЕ ДЕРИВАТИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на надоместокот за патиштата, што се пресметува и наплатува кон цената на нафтените деривати.

Член 2

Основица на која се пресметува надоместокот за патиштата е производната цена на моторниот бензин и на дизел — горивото зголемена за зависните трошоци и учеството за покритие на трошоците на прометот на мало. Висината на надоместокот за патишта се одредува во процент од таа основа.

Член 3

Надоместокот за патишта што е содржан во малопродажната цена на моторниот бензин и дизел горивото изнесува:

1. до 30 септември 1989 година:

а. моторен бензин

| | | |
|---|---|---|
| МБ — 86 | — | 61,3075% |
| МБ — 98 | — | 47,0471% |
| БМБ — 95 | — | 38,6238% |

б. дизел — гориво

| | | |
|---|---|---|
| Д1 | — | 55,1781% |
| Д2 | — | 54,3198% |
| Д3 | — | 54,0940% |

2. од 1 октомври до 31 декември 1989 година:

а. моторен бензин

| | | |
|---|---|---|
| МБ — 86 | — | 67,6881% |
| МБ — 98 | — | 51,9435% |
| БМБ — 95 | — | 42,6436% |

б. дизел — гориво

| | | |
|---|---|---|
| Д1 | — | 60,9208% |
| Д2 | — | 59,9731% |
| Д3 | — | 59,7238% |

3. од јануари до 31 март 1990 година:

а. моторен бензин

| | | |
|---|---|---|
| МБ — 86 | — | 74,0686% |
| МБ — 98 | — | 56,8399% |
| БМБ — 95 | — | 46,6634% |

б. дизел гориво

| | | |
|---|---|---|
| Д1 | — | 66,6635% |
| Д2 | — | 65,6264% |
| Д3 | — | 65,3536% |

4. од 1 април до 30 јуни 1990 година:

а. моторен бензин

| | | |
|---|---|---|
| МБ — 86 | — | 80,3771% |
| МБ — 98 | — | 61,7363% |
| БМБ — 95 | — | 50,6832% |

б. дизел гориво

| | | |
|---|---|---|
| Д1 | — | 72,4062% |
| Д2 | — | 71,2797% |
| Д3 | — | 70,9834% |

5. од 1 јули 1990 година:

а. моторен бензин

| | | |
|---|---|---|
| МБ — 86 | — | 86,8298% |
| МБ — 98 | — | 66,6328% |
| БМБ — 95 | — | 54,7029% |

б. дизел гориво

| | | |
|---|---|---|
| Д1 | — | 78,1487% |
| Д2 | — | 76,9331% |
| Д3 | — | 76,6133% |

Член 4

Надоместокот за патишта го пресметуваат и го уплатуваат организациите на здружениот труд и физичките лица кои се занимаваат со промет на нафтените деривати.

Член 5

Организациите на здружениот труд и физичките лица кои се занимаваат со промет на нафтени деривати надоместокот за патишта се должни да го уплатуваат на посебна сметка на Републичката самоуправна интересна заедница за патишта кај Службата на општественото книговодство на чие подрачје е извршен прометот на нафтените деривати.

По исклучок од став 1 на овој член организациите на здружениот труд кои произведуваат нафтени деривати и организациите на здружениот труд кои се занимаваат со промет на нафтени деривати, а им ги испорачуваат непосредно на крајните потрошувачи, износот на надоместокот за патишта го пресметуваат и уплатуваат во седиштето на купувачот.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-1503/1
6 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**465.**

Врз основа на член 3 од Законот за водење на паричните средства на Републиката и на општините како депозит во Народната банка на Македонија („Службен весник на СРМ“, бр. 42/77), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ НАМЕНИ, НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА НА РЕПУБЛИКАТА И ОПШТИНИТЕ ШТО СЕ ВОДАТ КАКО ДЕПОЗИТ ВО НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА ВО 1989 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за поблиските намени, начинот и условите за користење на паричните средства на Републиката и општините што се водат како депозит во Народната банка на Македонија во 1989 година („Службен весник на СРМ“, бр 6/89 и 19/89), во член 2, точка 3 износот „1.000“ се заменува со износот „2.000“, во точка 4 износот „4000“ се заменува со износот „6500“, во точка 6 износот „2000“ се заменува со износот „3000“, во точка 9 износот „5000“ се заменува со износот „7000“, во точка 14 износот „5000“ се заменува со износот „7000“, а по точка 19 се додава нова точка 20 која гласи:

„20. Увоз на кинематографски и видео наслови, во износ до 1000 милиони динари“.

Во истиот член, се додаваат два нови става 2 и 3 кои гласат:

„Дел од средствата на Републиката и на општините од став 1 на овој член, во износ од 75.400 милиони динари, насочени за кредитирање на намените од точка 1, 3, 10, 11, 12, 13, 14, 15 и 16, претставува репласман.

Остатокот на средства насочени за кредитирање на другите намени од став 1 на овој член, ќе се пренесе на корисникот на кредитот по стекнување на можностите за користење на средствата“.

Член 2

Во член 3 алинеја 1 зборовите: „13 и 14“ се заменуваат со зборовите: „13, 14 и 20“.

Член 3

Во член 4 алинеја 2 зборовите: „15 и 18“ се заменуваат со зборовите: „15, 18 и 20“.

Во алинеја 6 по бројот „13“ се додаваат зборовите: „и 16“.

Член 4

Во член 5 став 2 по зборот „одобрува“ се додаваат зборовите: „преку деловните банки, краткорочни заеми за кредитирање на обврски на Републиката утврдени со Републичкиот буџет, без пресметување камата, како и“.

Член 5

Во член 8 по став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Од средствата насочени за републичките стоковни резерви од став 1 на оваа одлука, ќе се издвојат 400.000.000 динари, за функционална и информативно пропагандна дејност на туристичкиот сојуз на Македонија“.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-1444/1
29 јуни 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**466.**

Врз основа на член 10 од Уредбата за највисоките износи на патните, дневните и другите трошоци на работниците во републичките органи на Управата („Службен весник на СРМ“ бр. 36/81, 27/85, 34/86, 41/88), а во врска со член 27 став 1 точка 1 од Одлуката за основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и други примања и надоместоци на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СРМ („Службен весник на СРМ“ бр. 28/87), Комисијата за кадровски и административни прашања на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА ДНЕВНИЦИТЕ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА НА РАБОТНИЦИТЕ ВО РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА И ВО РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ, И НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ И РАКОВОДНИТЕ РАБОТНИЦИ ШТО ГИ ИМЕНУВА ОДНОСНО НАЗНАЧУВА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Висината на дневниците за службени патувања во земјата на работниците во републичките органи на управата и во републичките организации, и на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија се утврдува во износ од 80.000 динари.

2. Ако за време на службеното патување се користи ноќевање на работниците им се признаваат трошоците за ноќевање во полн износ, врз основа на приложената сметка, со исклучок на хотел „де лукс“ категорија.

3. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката број 17-1231/1 од 26 мај 1989 година.

4. Оваа одлука влегува во сила од 1 јули 1989 година, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-1414
22 јуни 1989 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за кадровски и административни прашања на Извршниот совет,
д-р **Тито Беличанец** с. р.

---

**467.**

Врз основа на член 21 став 1 од Уредбата за највисоките износи на патните, дневните и другите трошоци на работниците во републичките органи на Управата („Службен весник на СРМ“ број 36/81, 27/85, 43/86 и 1/88), а во врска со член 27 став 1 точка 3 од Одлуката за основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и други примања и надоместоци на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 28/87), Комисијата за кадровски и административни прашања на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО

1. Надоместокот на трошоците за одвоен живот од семејството на работниците во републичките органи на управата и во републичките организации на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието се утврдува во износ од 650.000 динари месечно.

2. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи одлуката број 17-148/2 од 21 април 1989 година.

3. Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јули 1989 година.

Бр. 17-1415
22 јуни 1989 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за кадровски и административни прашања на Извршниот совет,
д-р **Тито Беличанец** с. р.

---

**468.**

Врз основа на член 9 став 3 од Законот за цивилните инвалиди од војната („Службен весник на СРМ“, бр. 33/76, 25/79, 11/81, 4/85 и 12/89), претседателот на Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика донесува

## НАРЕДБА
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МЕСЕЧНИОТ ИЗНОС НА ВИСИНАТА НА ЦИВИЛНАТА ИНВАЛИДНИНА НА ЦИВИЛНИТЕ ИНВАЛИДИ ОД ВОЈНАТА ЗА МЕСЕЦИТЕ ЈУЛИ, АВГУСТ И СЕПТЕМВРИ 1989 ГОДИНА

1. Месечните износи на висината на цивилната инвалиднина на цивилните инвалиди од војната за месеците јули, август и септември 1989 година се определуваат од основата која се утврдува во висина на просечниот чист личен доход остварен во Републиката во претходното тримесечје од 1.567.000 динари и изнесуваат:

| | |
|---|---|
| I група | 783.500 динари |
| II група | 626.800 динари |
| III група | 501.440 динари |
| IV група | 391.750 динари |
| V група | 313.400 динари |

2. Износите на цивилните инвалиднини од точка 1 на оваа наредба ќе бидат усогласени по утврдувањето на висината на остварениот просечен месечен чист личен доход во Републиката во периодот април — јуни 1989 година, објавен од страна на Републичкиот завод за статистика.

3. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јули 1989 година.

Бр. 08-595/2
30 јуни 1989 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика,
д-р **Јанко Обочки,** с. р.

---

**469.**

Врз основа на член 53-б од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ бр. 10/76, 30/77, 9/78, 46/82, 11/87 и 24/88), Републичкиот секретаријат за правосудство и управа, донесува

## ПРАВИЛНИК
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ ВО КРИВИЧНАТА И ПРОЦЕСНАТА ПОСТАПКА И ПОСТАПКАТА ЗА СТОПАНСКИТЕ ПРЕСТАПИ

Член 1

Во Правилникот за надоместокот на трошоците во кривичната и процесната постапка и постапката за стопанските престапи („Службен весник на СРМ“ бр. 11/88) членот 24 се менува и гласи:

„За преведување на писмени исправи, на постојаните судски преведувачи им припаѓа награда, и тоа:

1. за превод од странски на македонски јазик по 20.000 динари од страна;

2. за превод од македонски на странски јазик по 26.000 динари од страна;

3. за превод од странски на странски јазик по 30.000 динари од страна;

4. за превод од македонски на јазик на народите односно народностите на Југославија и обратно по 17.000 динари од страна.

За секој натамошен примерок од преводот судскиот преведувач има право на награда во висина од 15% од наградата предвидена во точките од 1 до 4 на овој член".

Член 2

Во член 25 став 3 бројот „500" се заменува со бројот „5.000".

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 03-881
јуни 1989 година
Скопје

Републички секретар за правосудство и управа,
**Михајло Маневски,** с. р.

---

**470.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 24 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ Критериумите за начинот, условите и приоритетот по кои ќе се даваат становите на користење на лицата што се нашле во положба на социјална заштита, донесени од Центарот за социјална заштита во Свети Николе, на 26 јуни 1988 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ", во „Службен гласник на општина Свети Николе" и во означениот Центар за социјална заштита на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето во Свети Николе, со предлог поднесен до Уставниот суд на Македонија, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што: предвидува право за добивање стан на лицата што се нашле во положба да користат социјална заштита, а тоа право не било со закон предвидено; било предвидено стан да можат да добиваат корисници на социјална заштита кои се во работен однос; за доделување на становите одлучувала комисија од соодветната организација на здружен труд и Комисијата од Центарот за социјална заштита; и затоа што стан можеле да добиваат само корисниците на социјална заштита што се постојани жители на општина Свети Николе, што не било во согласност со Уставот и било спротивно на законот.

4. На седницата Судот утврди дека во рамките на зградата на социјално-хуманитарните организации во Свети Николе се изградени 4 стана за потребите на лицата што се нашле во положба да користат социјална заштита и дека средствата за изградба на овие станови се обезбедени од Самоуправната интересна заедница за становање во Општина Свети Николе и тоа од средствата одвоени и здружени по основ на солидарност во износ од 2% и со здружување на средства со самоуправна спогодба склучена меѓу Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, Собранието на општина Свети Николе, Општинската конференција на хуманитарните организации и Центарот за социјална работа во Свети Николе.

Понатаму, Судот утврди дека оспорениот акт е донесен од Центарот за социјална заштита и дека со него, покрај другото, е предвидено стан да можат да добијат лицата кои се нашле во положба да користат социјална заштита и се постојани жители на општина Свети Николе. Судот, исто така, утврди дека и со овие станови стопанисува Самоуправната интересна заедница за становање во Свети Николе, која ги дава на користење на организациите на здружен труд, а тие, согласно член 6 од Одлуката, ги доделуваат на користење становите врз основа на претходно распишан оглас. Воедно, Судот утврди дека за доделување на становите се одлучува на тој начин што комисијата од организацијата на здружен труд и комисијата од Центарот за социјална работа заеднички донесуваат одлука и потоа ја доставуваат на надлежниот орган во организацијата на здружениот труд, кој е овластен да донесува одлука за распределба на овие станови.

Притоа, Судот утврди дека во оспорениот акт и вработените лица се подведени под категоријата корисник на социјална заштита, наспроти одредбите на член 16 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ" бр. 9/86) според кој лицата кои се во работен однос не се сметаат за корисници на социјална заштита.

Исто така, во оспорениот акт не се уредени начинот и постапката за доделување на стан на лицата што се корисници на социјална заштита. Судот, на крајот утврди дека составен дел на критериумите е и бодовната табела која ја донесува Центарот за социјална заштита.

5. Според Амандман 30 точка 6 на Уставот на СР Македонија во согласност со начелото на заемност и солидарност работниците и другите работни луѓе дел од здружените средства насочуваат покрај другото, и за остварување на поповолни услови за станбена изградба за потребите на работните луѓе со пониски доходи и за работниците од оние организации на здружен труд што не располагаат со потребните средства за таа цел.

Од изнесените уставни одредби, како и одредбите на членовите 5, 20 и 23 од Законот за самоуправните интересни заедници за становање, („Службен весник на СРМ" бр. 9/81) произлегува дека од средствата што работниците ги издвојуваат во самоуправната интересна заедница за становање се задоволува првенствено потребата на работните луѓе во здружениот труд при што, согласно одредбите на уставните амандмани врз принципот на солидарност се обезбедува и средства за работните луѓе што имаат ниски лични доходи односно за организациите на здружениот труд што не располагаат со потребните средства за таа цел. Исто така, за овие средства односно станови, одлучуваат работните луѓе што се здружиле во самоуправната интересна заедница за становање и тоа на тој начин што во рамките на самоуправната интересна заедница се утврдуваат основите и критериумите за глобална распределба на овие станови односно средства, а нивната конкретна распределба се врши врз основа на самоуправните општи акти на тие организации и заедници.

Во Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ" бр. 9/86) обезбедувањето на стан не е предвидено ни како основно ни како друго право од социјална заштита (член 17 и член 33). Меѓутоа, согласно член 15 од овој закон носителите на социјална заштита можат да ги проширувааат правата од социјална заштита под услов да обезбедат и средства за тоа, а согласно член 6 од овој закон носители на социјална заштита се организациите на здружениот труд, самоуправните интересни заедници за социјална заштита, работните луѓе и граѓани, општествено-хуманитарните организации. Во таа смисла според мислењето на Судот, не е во несогласност со Уставот и не е спротивно на законот во рамките на самоуправната интересна заедница за социјална заштита, да можат да бидат создавани и издвојувани средства за изградба на станови на лица кои се корисници на социјална заштита како и тие средства да се здружуваат со средствата на Општината и самоуправната интересна заедница за становање за постигање на тие цели. Меѓутоа, критериумите за нивно доделување треба да се утврдуваат во рамките на таа самоуправна интересна заедница за социјална

заштита, а Центарот за социјална работа, со оглед на неговите функции одредени во член 43 од Законот за социјална заштита, може да биде овластен само да ги применува одредбите на актот што ќе ги донесе самоуправната интересна заедница за социјална заштита, како организација што ги врши стручните работи на самоуправната интересна заедница за социјална заштита.

Со оглед на тоа што оспорените критериуми се донесени од Центарот за социјална работа, што како корисници на станови наменети за лица што дошле во социјална положба се сметаат и лицата што се во работен однос и што за доделувањето на станови се одлучува во рамките на организациите на здружениот труд, Судот утврди дека Критериумите не се во согласност односно се во спротивност со означените уставни и законски одредби.

Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 120/88
24 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев,** с. р.

**471.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 31 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Одлуката за обезбедување на средства за финансирање на улично јавно осветление бр. 02-2086/VII, донесена од Собранието на Самоуправната интересна заедница за становање на Кавадарци, на 20 декември 1987 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во означената самоуправна интересна заедница за становање.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 18/89 од 15 март 1989 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на одлуката означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за нејзината согласност со Уставот на СР Македонија, Законот за самоуправните интересни заедници за становање и Законот за даноците на граѓаните.

4. На седницата Судот утврди дека со оспорената одлука се регулира начинот на обезбедување средства за финансирање на уличното јавно осветление на подрачјето на општината Кавадарци. Во членовите 2 и 3 од Одлуката е предвидено дека средствата за финансирање за оваа намена се обезбедуваат преку определен износ од корисниците на електрична енергија, и тоа посебно за домаќинствата, за занаетчиите и за организациите на здружениот труд. Од собраните средства по овој основ, согласно член 5 од Одлуката, „Електродистрибуција" го обезбедува и одржува уличното јавно осветление и врши проширување на постојната мрежа.

Со оглед на тоа што уличното јавно осветление е дел од комуналната дејност со која се задоволуваат не поединечни, туку општи потреби, Судот смета дека пропишаниот износ што според одлуката се должни да го плаќаат граѓаните и самоуправните организации и заедници-корисници на електрична енергија, нема карактер на надоместок за конкретно извршена услуга односно за испорачана електрична енергија, туку претставува воведување јавна давачка за финансирање на една општа општествена потреба во општината.

Според член 188 став 1 од Уставот на СР Македонија обемот на средствата за општи општествени потреби се утврдува и распоредува со буџетот на општината, а согласно став 2 на овој член од Уставот, со средствата за општи општествени потреби што се создаваат во општината, покрај другото, се обезбедуваат и дополнителни средства за финансирање на определени комунални дејности. Системот, изворите и видовите даноци, такси и други давачки, согласно член 86 став 1 од Уставот, се утврдуваат со закон, а општините и Републиката, според став 2 на истиот член, самостојно ја утврдуваат висината на даноците, таксите и другите давачки што според законот се нивни приходи и располагаат со нив.

Во Законот за самоуправните интересни заедници за становање („Службен весник на СРМ" бр. 9/81 и 14/82) не е предвидено овластување на самоуправната интересна заедница за становање да пропишува обврска на граѓаните и самоуправните организации и заедници да плаќаат придонес или друг вид давачки за оваа намена, а во Законот за даноците на граѓаните („Службен весник на СРМ" бр. 12/87, 37/87, 50/87, 5/88 и 51/88) не е предвидена можност да се воведува данок или друг вид јавна давачка за финансирање на уличното јавно осветление.

Со оглед на тоа што со оспорената одлука е воведен еден вид на јавна давачка, без за тоа да постои основа во Уставот и законот, Судот утврди дека таа не е во согласност односно е во спротивност со означените уставни и законски одредби.

5. Понатаму, Судот утврди дека во член 8 од Одлуката е определено дека таа влегува во сила со нејзиното донесување, а ќе се применува од 1 декември 1988 година.

Според член 260 став 2 од Уставот самоуправните општи акти не можат да се применуваат пред да се објават на соодветен начин, а согласно член 262 став 1 од Уставот, законите, другите прописи и општи акти не можат да имаат повратно дејство. Според член 551 став 3 од Законот за здружен труд во самоуправниот општ акт може да се утврди, во согласност со закон, дека тој акт или одделни негови одредби можат да имаат повратно дејство само ако тоа го дозволува природата на односите што се утврдуваат со тој самоуправен општ акт.

Со оглед на тоа што со означениот член од Одлуката е предвидено дека таа влегува во сила со денот на донесувањето и има повратно дејство без основ во законот, Судот утврди дека и во поглед на ова прашање таа не е во согласност со Уставот и со Законот за здружениот труд.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 18/89
31 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев,** с. р.

**472.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 19 јуни 1989 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување уставноста и законитоста на Одлуката за распишување референдум за воведување самопридонес за реализирање на Програмата за осовремување на јавниот градски сообраќај во Скопје, донесена од Собранието на град Скопје на 31 мај 1989 година.

2. На Уставниот суд на Македонија му е поднесена иницијатива за поведување постапка за оценување уставноста и законитоста на одлуката означена во точката 1 од ова решение, затоа што собирањето на средства по пат на самопридонес за осовремување на јавниот градски сообраќај не е во согласност со член 2 од Законот за општите начела на самопридонесот, бидејќи јавниот градски сообраќај претставува услужна стопанска дејност, а не општествена дејност која задоволува комунални потреби. Исто така, според иницијативата, одлуката не е во соглас-

ност и со член 30 од Уставот на СР Македонија и е во спротивност со членовите 43 и 44 од Законот за претпријатијата затоа што со неа по пат на самопридонес од граѓаните се прибираат средства за проширување на материјалната основа на трудот во градското автобуско сообраќајно претпријатие во Скопје.

3. На седницата Судот утврди дека со оспорената одлука се распишува референдум за воведување самопридонес на подрачјето на град Скопје за реализирање на Програмата за осовременување на јавниот градски сообраќај во Скопје, се определува времето на одржувањето на референдумот и времето за кое се воведува самопридонесот, како и обврзниците, основиците и стапките на самопридонесот и вкупниот износ на средствата што се обезбедуваат со самопридонесот.

4. Според Оддел II став 3 алинеја 6 од Основните начела на Уставот на СР Македонија солидарноста и заемноста на секој према сите и на сите спрема секого, меѓу другото, е основа на положбата и улогата на човекот. Согласно член 133 став 1 од Уставот самопридонесот е еден од начините на кој работните луѓе и граѓаните сами непосредно здружуваат средства заради задоволување на нивните заеднички интереси и потреби во месната заедница, а според член 186 заедничките потреби на работните луѓе и граѓаните во општината како целина, исто така, можат да се задоволуваат со здружување на средства на работните луѓе и граѓаните, за што тие одлучуваат со референдум. Според член 185 став 2 точка 20 од Уставот, во општината, меѓу другото, се определуваат општи услови за вршење на дејностите на комуналните и слични организации.

Според членовите 1 и 2 од Законот за општите начела на самопридонесот („Службен весник на СРМ" бр. 27/78) работните луѓе и граѓаните можат со самопридонес да здружуваат средства и труд заради остварување на нивните заеднички интереси и солидарно задоволување на заедничките потреби во областа на уредувањето на населбата, становањето, комуналните дејности, детската и социјалната заштита и другите области на животот и работата. Согласно член 14 став 5 и член 15 од Законот собранието на општината донесува акт за распишување на референдум за воведување на самопридонес за подрачјето на општината, со кој, меѓу другото, се определува и намената за која се воведува самопридонесот.

Со член 38 од Статутот на град Скопје („Службен гласник на град Скопје" бр. 27/86) е определено дека превозот во градскиот сообраќај претставува дејност од посебен општествен и заеднички интерес за градот и комунална дејност чие трајно и непрекинато вршење е нужен услов за животот и работата на работните луѓе и граѓаните, а со член 98 — дека референдум се распишува задолжително за воведување самопридонес за целото подрачје на градот.

Од наведените уставни и законски одредби, според мислењето на Судот, произлегува дека самопридонесот е начин на здружување на средства за задоволување на заедничките интереси и потреби на работните луѓе и граѓаните во месната заедница односно во општината и градската заедница како целина, при што основа и рамка за определување на намената на самопридонесот претставуваат општите начела содржани во Законот што се однесуваат на заедничките интереси и потреби на работните луѓе и граѓаните што се задоволуваат на солидарна основа

Поради тоа, Судот смета дека можноста за воведување самопридонес, според член 2 од Законот за општите начела на самопридонесот, не зависи од видот на дејноста (комунална или услужна стопанска), туку од фактот дали таа е утврдена како заеднички интерес и потреба на работните луѓе и граѓаните од подрачјето за кое се воведува самопридонесот, како што во конкретниот случај е определено во Статутот на град Скопје за превозот во градскиот сообраќај, и од волјата на работните луѓе и граѓаните, изразена преку референдум, по пат на самопридонес да здружат средства за оваа намена.

Со тоа, според мислењето на Судот, не се исклучува обврската на општината односно градската заедница, согласно член 188 став 2 од Уставот на СР Македонија, да обезбедува дополнителни средства преку буџетот за учество во финансирањето на определени комунални дејности, ниту можноста организациите на здружениот труд кои вршат вакви дејности, врз основа на точка 6 став 2, точка 10 став 1 и точка 11 од Амандманот XXV на Уставот на СР Македонија, да здружуваат средства со други организации на здружениот труд, да користат кредити и да прибираат парични и други средства од граѓаните

Поради изнесеното, Судот смета дека не може да се постави прашањето на согласноста односно спротивноста на оспорената одлука со наведените уставни и законски одредби.

5. Што се однесува до наводите од иницијатива за несогласноста на Одлуката со член 30 од Уставот односно со точка 11 од Амандманот XXV на Уставот на СР Македонија и за нејзината спротивност со член 43 и 44 од Законот за претпријатијата, Судот смета дека овие одредби претставуваат посебен уставен и законски основ за прибирање средства од граѓаните заради проширување на материјалната основа на трудот во одделни организации на здружениот труд, независно и одвоено од здружувањето на средства со самопридонес. Поради тоа, Судот не ја оценуваше оспорената одлука во однос на овие уставни и законски одредби.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

У. бр. 91/89
19 јуни 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

## РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

**225.**

Врз основа на член 106 и 116 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ", бр. 9/78, 43/78 и 35/85) и член 65 и 193 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, Извршниот одбор на Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, на седницата одржана на 27 јуни 1989 година, донесе

### ОДЛУКА

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**

1. Со оваа одлука се вршат следните измени и дополнувања во Одлуката за утврдување висината на придонесите на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита („Службен весник на СРМ", бр. 20/89):

1) Точка 3 се менува и гласи:

„Основицата за пресметување на придонесот од доходот на организациите на здружен труд претставува остварениот доход зголемен за искажаните из-

носи во образецот Биланс на успехот во делот деловни расходи и тоа: премии за осигурување, трошоци на каматата и ревалоризација на динарски обврски, негативни курсни разлики, вкалкулирани резервирања на нематеријални трошоци и вкалкулирани резервирања на трошоците на финансирање на дејностите.

Основицата за пресметување на месечната аконтација на придонесот од доходот на организациите на здружен труд претставува остварениот доход валоризиран со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката или со процентот на порастот на просечниот чист личен доход по вработен во организацијата согласно член 17 став 2 од Законот за данок од доход на организациите на здружен труд".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр 08-271/2
27 јуни 1989 година
Скопје

Претседател,
**Аница Божиновска**, с. р.

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

**226.**

Врз основа на Општествениот договор за организирање на воспитанието и образованието на граѓаните на СФРЈ на привремена работа и престој во странство („Службен лист на СФРЈ" бр. 18/80 и 11/84) и Самоуправната спогодба за финансирање на воспитанието и образование на граѓаните на СФРЈ на привремена работа и престој во странство (Службени гласила на републиките и покраините), а во согласност со заклучоците усвоени на Собранието на Сојузот на самоуправните интересни заедници на основното образование на СФРЈ во март 1989 година, Извршниот одбор на Собранието на Републичката СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, на седницата одржана на 27 јуни 1989 година, донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ОСНОВИТЕ И МЕРИЛАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ И НАДОМЕСТОЦИТЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ И ВОСПИТУВАЧИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ ВО СТРАНСТВО И ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ТРОШОЦИ НА ТАА ДЕЈНОСТ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се определуваат основите и мерилата за утврдување:

— износите на личните доходи на наставниците и воспитувачите на дополнителна настава во работен однос, чии лични доходи во целост ги одредува Југославија;

— износите на надоместоците.

Со овој правилник се утврдува и начинот на финансирањето на заедничките трошоци на воспитно-образовната дејност во странство.

Член 2

Овој правилник се однесува на наставниците и воспитувачите кои со одлука на надлежниот орган во републиката односно покраината се упатени на одредено време за вршење на воспитно-образовна работа во странство или добиле согласност од тој орган за таква дејност.

Наставник кој врши воспитно-образовна работа со југословенски деца во странство без одлука односно согласност од претходниот став или, пак, продолжува со работа по истекот на времето за кое е упатен, односно за кое е ангажиран, може според овој правилник да оствари право на надоместок на патните трошоци во странство заради учество на семинари и состаноци во дипломатско-конзуларните претставништва на СФРЈ, а во СФРЈ заради учество на семинари за наставници на југословенската дополнителна настава.

Член 3

Основ за остварување на правата од член 1 на овој правилник претставува успешното извршување на програмата на воспитно-образовната работа, со утврден обем и квалитет на работите и работните задачи во воспитно-образовната работа со децата од предшколска и основношколска возраст, и во работата на основното образование на возрасните.

Во случаите кога меѓу Заедницата на основното образование и соодветните самоуправни интересни заедници од насоченото образование, се постигне договор поедини наставници, во рамките на своето работно време да изведуваат дополнителна или редовна настава за учениците на средните школи, наставникот ги остварува правата од член 1 на овој правилник и врз основа на успешното извршување на утврдениот обем и квалитет на работите и работните задачи во таа воспитно-образовна работа.

### II. ОСНОВИ И МЕРИЛА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЧИСТИОТ ЛИЧЕН ДОХОД И НАДОМЕСТОК ПО НАСТАВЕН ЧАС

**Личен доход**

Член 4

Износот на чистиот личен доход на наставниците во работен однос се утврдува зависно од:

— сложеноста на работите и работните задачи,

— одговорноста за извршување на работите и работните задачи,

— обемот на работите и работните задачи,

— работното искуство,

— отежнатите услови на работа.

Член 5

По основ на сложеноста на работите и работните задачи и одговорноста за нивното извршување се утврдува стартниот дел на чистиот личен доход за полно работно време.

Стартниот дел на чистиот личен доход од претходниот став, изразен во износ на соодветната валута за поедини странски земји, се утврдува со посебна одлука врз основа на усогласените ставови на републичките и покраинските самоуправни интересни заедници за основно образование.

Член 6

Обемот на работите и работните задачи се мери со бројот на часовите во наставата, одржани во согласност со годишната програма за работа на наставниците и неделниот број на часови утврдени со овој правилник.

Секој наставник е обврзан во рок од 30 дена од почетокот на школската година, на овластениот орган во земјата и на надлежното дипломатско-конзуларно претставништво во странство да им достави годишна програма за работа за тековната година. Овластениот орган во земјата и надлежното дипломатско-конзуларно претставништво можат во рок од 30 дена по приемот на програмата да извршат измени и дополнувања на предложената програма за работа. Ако тоа не го сторат, доставената предлог програма за работа ќе се смета за прифатена.

Член 7

Бројот на учениците за дополнителна настава и наставата на основното образование на возрасните во настава на српскохрватски односно хрватскосрпски јазик изнесува најмалку 15 во едно одделение. Во настава на словенечки, македонски и на јазиците на народностите, бројот на учениците во одделенијата може исклучително да биде и помал од 10, што републичките и покраинските заедници го регулираат со посебна одлука.

Бројот на децата од претшколската возраст во воспитно-образовната група го утврдува републичката односно покраинската заедница за детска заштита.

Секој наставник е должен, според барањето на овластените органи во земјата или на надлежното дипломатско-конзуларно претставништво, да им достави извештај за извршување на програмата на воспитно-образовната работа најдоцна 15 дена по завршувањето на учебната година.

Ако се утврди дека наставникот не ги извршува работите и работните задачи од програмата на работата на Сојузот, во пропишан обем и квалитет или дека со своето однесување и нанесува штета на угледот на нашата земја, на предлог на надлежното дипломатско-конзуларно претставништво на СФРЈ, надлежниот орган во републиката, односно покраината ќе донесе одлука тој наставник да биде вратен во татковината и пред истекот на времето за кое бил ангажиран. Во таков случај на наставникот му престануваат сите права кои му припаѓаат според овој правилник, со денот кој му е одреден за враќањето во СФРЈ.

Член 8

Стартниот дел на чистиот личен доход, утврден во согласност со член 5 од овој правилник му припаѓа на наставникот за обврските во рамките на 42-часовната работна недела, во текот на која наставникот е должен да оствари најмалку 24 часа во непосредна настава и најмалку 4 часа вонннаставни активности.

Под непосредна работа во настава се подразбира реализација на програмата на дополнителната настава, програмата на основното образование на возрасните и програмата на воспитно-образовната работа со деца од претшколска возраст, а под вонннаставни активности се подразбира работа во секции.

Со цел за утврдување на аконтацијата на личниот доход, секој наставник е должен најдоцна до 1 октомври на Заедницата да ѝ достави податоци за бројот на одделенијата за дополнителна настава, бројот на одделенијата за основно образование на возрасните и бројот на воспитно-образовните групи на претшколските деца.

За секое одделение — воспитно-образовна група од претходниот став наставникот е должен да достави:

1. име и презиме на учениците и децата со нивната адреса,

2. ден кога со одделенијата и воспитно-образовните групи се изведува воспитно-образовна работа,

3. време (час и минута) на почеток и крај на воспитно-образовната работа,

4. назив на местото во кое се изведува воспитно-образовната работа,

5. датум на почетокот на воспитно-образовната работа со секое одделение на воспитно-образовната група.

Наведените податоци наставникот е должен во два примероци да им ги достави на дипломатско-конзуларните претставништва за заверка, од кои еден останува кај нив, а другиот го доставува на надлежната заедница, односно орган. На крајот на учебната година, а најдоцна 15 дена по завршувањето, наставникот е должен да состави извештај за реализација на својата годишна програма за работа, исто така во два примероци од кои едниот по заверката во дипломатско-конзуларното претставништво ѝ го доставува на надлежната заедница односно орган.

Наставникот е должен во извештајот прецизно да го наведе степенот на извршувањето на програмата за изминатата учебна година, а посебно е обврзан да пополни единствен прашалник, да го достави за заверка во дипломатско-конзуларното претставништво и со извештајот да го испрати на надлежната заедница односно орган.

Врз основа на оваа документација ќе се изврши конечна пресметка на средствата за лични доходи и други принадлежности кои му припаѓаат на наставникот за таа учебна година.

Во случај наставникот да не ја исполни неделната норма од 24 часа настава и 4 часа вонннаставни активности, за секој неостварен час на утврдената норма од 28 часа, на наставникот ќе му се намали стартниот дел на чистиот личен доход за секој неостварен час во текот на месецот, за 50% од утврдената цена за час. Исклучително, во наставата на словенечки, македонски и на јазиците на народностите надлежните заедници можат да донесат посебна одлука за помал број на неделни часови на настава и вонннаставни активности.

Член 9

Работното искуство како елемент за утврдување на висината на личниот доход на наставниците, се вреднува врз основа на времето поминато на работа и тоа во висина од 0,5% од стартниот дел на чистиот личен доход од член 5 на овој правилник за секоја полна година на работно искуство.

Член 10

Работа во две или повеќе школски односно претшколски институции во едно или повеќе места се смета за работа со отежнати услови, па стартниот дел на личниот доход од член 5 на овој правилник се зголемува и тоа:

а) за втората и секоја наредна школска и претшколска институција во која наставникот или воспитувачот ја реализира наставата односно воспитно-образовната работа стартниот дел на чистиот личен доход се зголемува за 1%;

б) за секое пооддалечено место во кое наставникот или воспитувачот врши настава односно воспитно-образовна работа во една или повеќе школски односно претшколски институции, стартниот дел на чистиот личен доход се зголемува и тоа:

— ако местото е оддалечено преку 50, а до 100 км, за 1%,

— ако местото е оддалечено преку 100, а до 150 км, за 2%,

— ако местото е оддалечено преку 150 км, 1% за секои следни 100 км на оддалеченост.

Оддалеченоста на местото од претходниот став се смета од местото на живеењето на наставникот; ако тој не живее ни во едно од местата во кои се изведува наставата оддалеченоста се смета од местото во кое има најголем број часови на настава односно воспитно-образовна работа.

Член 11

Придонесите од личниот доход за наставниците и воспитувачите на кои им мирува работниот однос во Југославија се плаќаат на начин утврден со прописите во републиката односно покраината. Основица за утврдување на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување е висината на личниот доход кој наставникот би го остварил во својата работна организација, од каде е упатен на работа во странство. Овие придонеси ги плаќа училиштето односно работната организација во која наставникот работел пред заминување во странство, а надлежната заедница односно органот врши рефундација на уплатениот износ.

Член 12

Наставникот кој врши работи и работни задачи врз основа на договор за дело, за дел од полното работно време, висината на надоместокот за извршената работа му се утврдува по наставен час, земајќи предвид дека наставникот е должен да изведува и друга непосредна воспитно-образовна работа со учениците во обем од најмалку 1 час на секои 5 часа настава.

Износот на надоместокот од претходниот став во соодветните валути за поедини странски земји се утврдува врз основа на усогласените ставови на републичките и покраинските самоуправни интересни заедници за основното воспитание и образование.

Исплатата на надоместокот по наставен час се врши по правило, тримесечно според бројот на одр-

жаните часови, а врз основа на извештаите на наставниците заверени од страна на дипломатско-конзуларните претставништва на СФРЈ.

## III. НАДОМЕСТОК НА ЛИЧНИОТ ДОХОД

Член 13

Надоместоци во врска со член 1, став 3 се:

— трошоците на превозот за првото одење во странство и враќање по истекот на договорот,

— патните трошоци настанати врз основа на одржување на наставата,

— сместувањето и исхраната за време на годишните семинари во земјата,

— патните трошоци од местото на престојот во нашата земја до местото на одржувањето на семинарот и обратно,

— солидарната помош.

Наставникот, односно воспитувачот во работен однос има право на надоместок на личниот доход во случај кога од оправдани причини не може да ги врши работите и работните задачи предвидени со програмата.

За оправдани причини од претходниот став се сметаат:

— спреченост за работа од здравствени причини,

— вонредно отсуство заради стапување во брак,

— породување на сопругата,

— смрт во семејството,

— нега на болен член на потесното семејство и

— селидба на семејството во странство.

Оправданоста на причините за неизвршените работи и работни задачи ги проверува и цени надлежното дипломатско-конзуларно претставништво на СФРЈ, кое едновремено е овластено за замена привремено да ангажира друг настазник, односно воспитувач.

Годишниот одмор и стручното усовршување наставниците односно воспитувачите го користат за време на школскиот распуст односно во деновите кога не се одржува настава.

Член 14

За време на оправдано отсуствување од работа во непрекинато траење од најмногу 7 календарски дена, наставникот односно воспитувачот од член 12 на овој правилник има право на надоместок на утврдениот чист личен доход според овој правилник, без намалување на истиот.

Член 15

Во случај на спреченост за работа од здравствени причини, која трае непрекинато повеќе од 7, а најмногу 30 календарски дена наставникот односно воспитувачот има право на надоместок на личниот доход во висина од 90% од чистиот личен доход, остварен во последниот месец пред настапувањето на спреченоста за работа.

За време на спреченост за работа од здравствени причини преку 30 календарски дена наставникот односно воспитувачот има право на надоместок на личниот доход во динарски средства, во износ кој би го остварил во матичната работна организација и со примена на самоуправните акти кои ја регулираат оваа материја.

### Солидарна помош

Член 16

Во рамките на средствата за финансирање на воспитно-образовната дејност за граѓаните на СФРЈ на привремена работа и престој во странство заедницата обезбедува и средства на солидарност за пружање помош на наставникот односно воспитувачот, односно на членот или на членовите на неговото потесно семејство и тоа:

— во случај на подолго и потешко боледување на наставникот односно воспитувачот,

— во случај на смрт на членови на неговото потесно семејство (брачен другар, деца и членови кои ги издржува во заедничкото домаќинство) и

— во случај на елементарни непогоди кои влијаеле наставникот односно воспитувачот, односно членовите на неговото домаќинство да останат без неопходни услови за живот.

Одлука за видот и висината на материјалната помош донесува соодветниот орган на заедницата

Во случај на смрт на наставникот односно воспитувачот на неговото семејство му се исплатува помош најмалку во висина на едномесечен личен доход како и трошоци за пренос на посмртните останки и за погреб.

### Патни трошоци

Член 17

За време на упатувањето на работа во странство како и за време на враќањето од таа работа, по истекот на времето за кое е ангажиран, наставникот односно воспитувачот има право на еднократен надоместок на трошоци за личен превоз за автобус или воз II класа.

Наставникот односно воспитувачот во работен однос, како и наставникот односно воспитувачот кој работи по основ на договор за дело има право на надоместок на трошоците за личен превоз во градскиот, приградскиот и меѓуградскиот јавен сообраќај, од местото на живеење до местото на вршењето на наставата односно воспитно-образовната работа.

Во случаите од став два на овој член, наставникот односно воспитувачот е должен неодложно да користи претплатна карта. Ако сообраќајното средство има две или повеќе класи наставникот односно воспитувачот има право на користење на II класа.

Исплатата на надоместокот за патни трошоци во странство се врши тримесечно, врз основа на потпишаните изјави на наставникот односно воспитувачот, заверени во надлежните дипломатско-конзуларни претставништва во СФРЈ.

Во случај кога наставникот, односно воспитувачот организирано и планирано носи група ученици во посета на татковината со согласност на надлежната заедница односно орган и притоа користи средства на редовниот јавен сообраќај, има право на надоместок на стварните трошоци за личен превоз, ако со планот за посетата е предвидено организаторот да не му обезбеди на наставникот односно воспитувачот бесплатен превоз, а надлежната заедница односно орган ја презела таа обврска.

Член 18

Наставникот односно воспитувачот има во татковината право на надоместок на постојаните трошоци за личен превоз:

— кога организирано и планирано носи група ученици во посета на татковината, со согласност на надлежната заедница, односно со услов од страна на организаторот да не е обезбеден бесплатен превоз,

— кога учествува на семинар кој се организира во земјата за време на школскиот распуст, и тоа од местото на постојаниот престој во Југославија до местото на одржување на семинарот и обратно.

Наставникот односно воспитувачот од став 2 на овој член има право и на дневници, во висина и под услови утврдени за делегатите во Собранието на надлежната заедница односно орган доколку организаторот не му обезбедил бесплатно сместување и исхрана.

## IV. ЗАЕДНИЧКИ ТРОШОЦИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ЗА ГРАЃАНИТЕ НА СФРЈ ВО СТРАНСТВО

Член 19

Под заеднички трошоци за вршење на воспитно-образовната работа за граѓаните на СФРЈ во странство се подразбираат надоместоците кои во странските земји се бараат за користење на простории за изведување на настава и за трошоци за греење на тие простории.

Износот на учеството за секоја републичка и покраинска самоуправна интересна заедница на основното воспитание и образование се утврдува врз основа на службените податоци на надлежното дипломатско-конзуларно претставништво со примена на критериумите утврдени со самоуправната спогодба за финансирање на воспитанието и образованието на граѓаните на СФРЈ на привремена работа и престој во странство.

## V. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ

Член 20

За спроведување на правилникот е одговорен извршниот орган на Собранието на надлежната заедница односно орган.

Органот од претходниот став е овластен со соодветните органи на другите републички и покраински самоуправни интересни заедници на основното образование и воспитание, а во рамките на Сојузот на СИЗ да ги усогласува ставовите во поглед на износот на стартниот дел на чистиот личен доход и надоместокот по наставен час.

Износите усогласени според претходниот став, органот од став 1 на овој член го утврдува со своја одлука.

Органот од став 1 на овој член исто така е овластен со соодветните органи на другите републички и покраински самоуправни интересни заедници на основното образование и воспитание, а во рамките на Сојузот на СИЗ, да договара и усогласува ставови за видовите и висината на заедничките трошоци и за единствената содржина на изјавите на наставниците.

Член 21

Врз основа на одредбите на овој правилник и Одлуката за износите на стартниот дел на личниот доход, која е составен дел на овој правилник, и одредбите на договорот се донесува решение за висината на личниот доход на поедини наставници, односно решение за висината на надоместокот по час, уважувајќи ги одредбите на овој правилник.

Ако наставникот смета дека со решението е повредено негово право утврдено со овој правилник може во рок од 30 дена по приемот на решението да поднесе барање за заштита на своите права. За таквите барања одлучува второстепениот орган на Заедницата.

Член 22

Личните доходи, надоместокот по наставен час како и надоместокот на личниот доход за отсуство од работа 7—30 дена, на наставниците им се исплатува во валутата на државата во која работат, ако со сојузен пропис не е поинаку одредено.

Во валута на државата во која се на работа на наставниците им се исплаќа и надоместок на патните трошоци во странство. Сите други лични примања им се исплаќаат во динари.

Сите исплати во странски валути се вршат непосредно на сметка која ќе ја одреди наставникот односно воспитувачот во договор со службата која ја врши исплатата. Исплатата на личниот доход и надоместокот по наставен час се врши најдоцна до десетиот ден во месецот за изминатиот месец. За време на првото одење на работа во странство на наставникот му се исплатува аконтација на личниот доход за два месеци, со тоа што за износот на аконтацијата за вториот месец ќе му се намали личниот доход за десетте наредни месеци.

Член 23

Со исклучок на одредбата од став 1 на член 22 на овој правилник за последниот месец на четвртата година, личниот доход на наставникот ќе му биде исплатен во динарски средства, и тоа во износ кој би му припаднал за тој месец во неговата работна организација.

Член 24

Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за основите и мерилата за утврдување на личните доходи и надоместоците на вршење на воспитно-образовната дејност во странство и за финансирањето на заедничките трошоци на таа дејност. бр. 12-938/17 од 30 јуни 1987 година, донесен на седницата на Извршниот одбор на Собранието на Републичката заедница („Службен весник на СРМ“ бр. 36/87).

Овој правилник влегува во сила осмиот ден по објавувањето, а ќе се применува од 1 септември 1989 година.

Бр. 12-842/1
30 јуни 1989 година
Скопје

Претседател,
**Душан Ачовски,** с. р.

---

**227.**

Врз основа на член 22 од Правилникот за основите и мерилата за утврдување на личните доходи и надоместоците за вршење на воспитно-образовната дејност во странство и за финансирање на заедничките трошоци на таа дејност, Извршниот одбор на Собранието на Републичката СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на седницата одржана на 27 јуни 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗНОСИТЕ НА СТАРТНИОТ ДЕЛ НА ЧИСТИОТ ЛИЧЕН ДОХОД И НАДОМЕСТОКОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ ВО СТРАНСТВО

1. Висината на стартниот дел на чистиот личен доход и надоместокот на наставниците кои оваа заедница ги упатила на одредено време на работа во странство ,односно ги ангажирала во странство за вршење на воспитно-образовна дејност за граѓаните на СФРЈ на привремена работа изнесува:

| Во држава | Валута | Стартен основ | Износ по час | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Стари | Нови |
| Франција | Ффр | 7.000 | 90 | 60 |
| СР Германија | ДМ | 2.300 | 30 | 20 |
| Австрија | Аш | 14.700 | 180 | 120 |
| Швајцарија | Шфр | 2.400 | 30 | 20 |
| Белгија и Луксембург | Бфр | 45.000 | 400 | 270 |
| В. Британија | Фунти | 700 | 6 | 4 |
| Холандија | Хфл | 2.700 | 30 | 20 |
| Австралија | А$ | 1.500 | | 10 |

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за износите на стартниот дел на чистиот личен доход и надоместоците за вршење на воспитно-образовната дејност во странство бр. 12-938/18 од 30 јуни 1987 година, донесена на седницата на Извршниот одбор на Собранието на Републичката СИЗ за предучилишно и основно образование и воспитание и општествена заштита на децата, („Службен весник на СРМ“ бр. 37/87).

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето, а ќе се применува од 1 септември 1989 година.

Бр. 12-842/1
30 јуни 1989 година
Скопје

Претседател,
**Душан Ачовски,** с. р.

**228.**

Врз основа на член 217 алинеја 7 од Законот за предучилишно и основно воспитание и образование, член 20 од Правилникот за основите и мерилата за утврдување на личните доходи и надоместоци за наставниците и воспитувачите за обавување на воспитно-образовната дејност во странство и за финансирање на заедничките трошоци за оваа дејност и член 63 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, Извршниот одбор на Собранието на Републичката СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на седницата од 27 јуни 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОТСТАПУВАЊЕ ОД БРОЈОТ НА ЧАСОВИТЕ ВО НЕПОСРЕДНАТА ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА КОЈА СЕ ОБАВУВА ВО ФРАНЦИЈА

Член 1

Се отстапува од бројот на часовите во непосредната дополнителна настава утврден во член 8 став 1 од Правилникот за основите и мерилата за утврдување на личните доходи и надоместоци за наставниците и воспитувачите за обавување на воспитно-образовната дејност во странство и за финансирање на заедничките трошоци за оваа дејност, во дополнителната воспитно-образовна работа што ја обавуваат наставниците од СР Македонија во Франција.

Член 2

Неделната норма на часови во непосредната дополнителна настава во Франција се утврдува на 20 часа.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 септември 1989 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 12-842/2
27 јуни 1989 година
Скопје

Претседател,
**Душан Ачовски,** с. р.

ЗДРУЖЕНА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ГРАД СКОПЈЕ

**229.**

Врз основа на член 106 и 116 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ" број 9/78, 43/78 и 35/85) и член 15, став 12 од Самоуправната спогодба за здружување во здружена СИЗ за социјална заштита на град Скопје, Извршниот одбор на Собранието на Здружената самоуправна интересна заедница за социјална заштита, на седницата одржана на 28 јуни 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ЗДРУЖЕНАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ГРАД СКОПЈЕ

1. Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонеси од доходот на основните организации на здружен труд, од личен доход од работен однос, од вршење на земјоделска дејност и самостојно вршење на стопанска и нестопанска дејност.

2. Основицата за пресметување на придонесот од доходот на организациите на здружен труд претставува остварениот доход зголемен за искажаните износи во образецот Биланс на успехот во делот деловни расходи и тоа: премии за осигурување, трошоци на камата и ревалоризација на динарски обврски, негативни курсни разлики, вкалкулирани резервирања на нематеријални трошоци и вкалкулирани резервирања на трошоците на финансирање на дејностите.

Основицата за пресметување на месечната аконтација на придонесот од доходот на организациите на здружен труд претставува остварениот доход валоризиран со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката или со процентот на порастот на просечниот чист личен доход по вработен во организацијата согласно член 17 став 2 од Законот за данок од доход на организациите на здружен труд.

3. Во 1989 година се утврдуваат следните стапки на придонеси на Здружената СИЗ за социјална заштита и тоа:

— придонес од доход на основните организации на здружен труд — 0,25%;

— придонес од личен доход од работен однос во нестопанство — 0,85%;

— придонес од вршење на земјоделска дејност — 0,14%;

— придонес од самостојно вршење на стопанска и нестопанска дејност — 1%.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

5. Од денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување висината на придонесите на Здружената самоуправна интересна заедница за социјална заштита на град Скопје („Службен весник на СРМ" бр. 21/89).

Бр. 02-457
27 јуни 1989 година
Скопје

Претседател,
**Ристе Стефановски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА КУЛТУРА, ФИЗИЧКА КУЛТУРА И ИНФОРМАТИКА — КРИВА ПАЛАНКА

**230.**

Врз основа на член 50 од Статутот на ОСИЗ за култура, физичка култура и информатика — Крива Паланка, а по овластување на Собранието на Заедницата, Извршниот одбор на седницата одржана на 9 јуни 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА ОСИЗ НА КУЛТУРА, ФИЗИЧКА КУЛТУРА И ИНФОРМАТИКА — КРИВА ПАЛАНКА ЗА ДЕЈНОСТА ФИЗИЧКА КУЛТУРА ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат висината и начинот на обезбедувањето на средствата на ОСИЗ на културата, физичката култура и информатика за дејноста физичка култура.

Член 2

Средствата се обезбедуваат од придонес од доходот на основните организации на здружен труд, од придонес од личен доход од работен однос, придонес од личен доход од земјоделска дејност и придонес од личен доход од самостојна стопанска и нестопанска дејност.

Член 3

Обврзници на придонесот од доходот се основните организации на здружен труд од стопанството распоредени со Одлуката за утврдување на стопанските и вонстопанските дејности („Службен лист на СФРЈ" бр. 14/77 и 18/80) во областа на дејностите од 01 до 11.

Обврзници на придонесот од личен доход се работниците кои остваруваат личен доход од работен однос од нестопанството распоредени со Одлуката за утврдување на стопанските и вонстопанските дејности, во областа на дејностите од 12 до 14.

Член 4

Основицата за пресметување на придонес од доход на ОЗТ претставува остварениот доход.

Основицата за пресметување на месечната аконтација на придонесот од доход претставува остварениот доход валоризиран со процент на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката (член 17 став 2 од Законот за данокот од доход на ОЗТ).

Член 5

Обврзниците од членот 3 став 1 од оваа одлука придонесот од доход ќе го плаќаат, по стапка 0,20%.

Обврзниците од членот 3 став 2 од оваа одлука придонесот од личен доход ќе го плаќаат, по стапка од 0,20%.

ОЗТ од основното образование и воспитување, средното насочено образование и детската заштита ќе уплатат придонес во висина од 50% од општата стапка од личниот доход од работен однос што ја уплатуваат ОЗТ и другите корисници на општествени средства утврдени во став 2 на овој член.

Член 6

Граѓаните кои остваруваат личен доход од вршење на:

— земјоделска дејност ќе плаќаат придонес, по стапка 0,10% на катастарскиот доход;

— самостојна стопанска и професионална дејност ќе плаќаат придонес, по стапка 1% на остварениот доход.

— стопанските и професионалните дејности кои се оданочуваат во паушален износ ќе плаќаат придонес, по стапка од 6% од износот на данокот.

Член 7

Во поглед на роковите и начинот на пресметувањето, уплатувањето, застареноста и присилната наплата на придонесите од доход и личен доход ќе се применуваат одредбите од Законот за данок од доход и Законот за даноците на граѓаните.

Член 8

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на стапките на придонеси бр. 08-112 од 27 декември 1988 година.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година и истата ќе биде објавена во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 09-44
9 јуни 1989 година
Крива Паланка

Претседател,
**Милутин Граматиков,** с. р.

**231.**

Врз основа на член 50 од Статутот на ОСИЗ за култура, физичка култура и информатика — Крива Паланка, а по овластување на Собранието на Заедницата, Извршниот одбор на седницата одржана на 9 јуни 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО НА СРЕДСТВАТА НА ОСИЗ НА КУЛТУРА, ФИЗИЧКА КУЛТУРА И ИНФОРМАТИКА — КРИВА ПАЛАНКА ЗА ДЕЈНОСТА КУЛТУРА ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат висината и начинот на обезбедувањето на средствата на ОСИЗ на култура, физичка култура и информатика за дејноста култура.

Член 2

Средствата се обезбедуваат од придонес од доходот на основните организации на здружен труд, придонес од личен доход од работен однос, придонес од личен доход од земјоделска дејност и придонес од личен доход од самостојна стопанска и нестопанска дејност.

Член 3

Обврзници на придонесот од доходот се основните организации на здружен труд од стопанството распоредени со Одлуката за утврдување на стопанските и вонстопанските дејности („Службен лист на СФРЈ“ бр. 14/77 и 18/80) во областа на дејностите од 01 до 11.

Обврзници на придонесот од личен доход се работниците кои остваруваат личен доход од работен однос од нестопанството распоредени со Одлуката за утврдување на стопанските и вонстопанските дејности, во областа на дејностите од 12 до 14.

Член 4

Основицата за пресметување на придонес од доход на ОЗТ преставува остварениот доход.

Основицата за пресметување на месечната аконтација на придонесот од доход претставува остварениот доход валоризиран со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката (член 17 став 2 од Законот за данокот од доход на ОЗТ).

Член 5

Обврзниците од членот 3 став 1 од оваа одлука придонесот од доход ќе го плаќаат, по стапка 0,60%.

Обврзниците од членот 3 став 2 од оваа одлука придонесот од личен доход ќе го плаќаат, по стапка од 0,55%.

ОЗТ од основното образование и воспитување, средното насочено образование и детската заштита ќе уплатат придонес во висина од 50% од општата стапка од личниот доход од работен однос што ја уплатуваат ОЗТ и другите корисници на општествени средства утврдени во став 2 на овој член.

Член 6

Граѓаните кои остваруваат личен доход од вршење на:

— земјоделска дејност ќе плаќаат придонес, по стапка 0,05% на катастарски доход;

— самостојна стопанска и нестопанска дејност ќе плаќаат придонес, по стапка 1% на остварениот доход;

— стопанските и професионалните дејности кои се оданочуваат во паушален износ ќе плаќаат придонес, по стапка од 6% од износот.

Член 7

Во поглед на роковите и начинот на пресметувањето, уплатувањето, застареноста и присилната наплата на придонесите од доход и личен доход ќе се применуваат одредбите од Законот за данок од доход и Законот за даноците на граѓаните.

Член 8

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на стапките на придонесите бр. 08-111 од 27 декември 1988 годидна.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година и истата ќе биде објавена во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 09-45
9 јуни 1989 година
Крива Паланка

Претседател,
**Милутин Граматиков,** с. р.

## ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — КРИВА ПАЛАНКА

**232.**

Врз основа на член 26 од Статутот на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Крива Паланка, Собранието на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, на седницата одржана на 28 декември 1988 година донесе

# ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРЕДУЧИЛИШНОТО И ОСНОВНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Стапките на придонесите од личен доход за финансирање на предучилишното воспитание и образование и општествена заштита на децата во 1989 година се утврдуваат и тоа:

1. придонес од личен доход од стопанство и нестопанство, по стапка од 1,15%;
2. придонес од личен доход од земјоделска дејност по стапка од 0,10%;
3. придонес од личен доход од самостојна дејност по стапка од 1,00%;
4. придонес од личен доход од професионална дејност по стапка од 1,00%.

Член 2

Стапките на придонесите од личен доход за финансирање на основното воспитание и образование во 1989 година се утврдуваат и тоа:

1. придонес од личен доход од работен однос од стопанството и нестопанството, по стапка од 4,95%,
2. придонес од личен доход од земјоделска дејност, по стапка од 1,50%;
3. придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска и проф. дејност, по стапка од 6,00%.

Член 3

По исклучок од член 1 точка 1 на оваа одлука РО од основното воспитание и образование и насоченото образование од Општината, придонесот од личен доход од работен однос ќе плаќаат, по стапка од 0,575%, а РО од предучилишното воспитание и образование 0,80%, од членот 2 точка 1 на оваа одлука РО од основното воспитание и образование се ослободува од плаќање на придонес од личен доход, РО од насоченото образование ќе плаќаат 2,48%, а РО од предучилишното воспитание и образование, по стапка од 3,47%.

Член 4

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година и истата ќе биде објавена во „Службен весник на СРМ"

Бр. 08-412
28 декември 1988 година
Крива Паланка

Претседател,
**Дончо Стефановски,** с. р

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — РАДОВИШ

**233.**

Врз основа на член 106 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ" бр. 9/78, 43/78, 35/85) и член 14 од Статутот на ОСИЗ за социјална заштита — Радовиш, Извршниот одбор на Собранието на ОСИЗ за социјална заштита, на седницата одржана на 27 јуни 1989 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОПШТИНСКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — РАДОВИШ

1. Со оваа одлука се вршат следните измени и дополнувања во Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување висината на стапките на придонесите на ОСИЗ за социјална заштита — Радовиш („Службен весник на СРМ" бр. 23/89 од 1989 година).

1) Членот 3 се менува и гласи:

„Основицата за пресметување на придонесот од доходот на организациите на здружен труд претставува остварениот доход зголемен за искажаните износи во образецот Биланс на успехот во делот деловни расходи и тоа: премии за осигурување, трошоци на камата и ревалоризација на динарски обврски, негативни курсни разлики, вкалкулирани резервирања на материјални трошоци и вкалкулирани резервирања на трошоците на финансирање на дејностите.

Основицата за пресметување на месечната аконтација на придонесот од доходот на организациите на здружен труд претставува остварениот доход валоризиран со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката или со процентот на порастот на просечниот чист личен доход по работен во организацијата согласно член 17 став 2 од Законот за данок од доход на организациите за здружен труд.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 03-36
27 јуни 1989 година
Радовиш

Претседател,
**Павлина Стефанова,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — СТРУМИЦА

**234.**

Врз основа на член 106 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ" број 9/86) и член 22 став 8 од Статутот на ОСИЗ за социјална заштита — Струмица, Собранието на Заедницата, на предлог од Извршниот одбор донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА СТРУМИЦА ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се вршат следните измени и дополнување на Одлуката за утврдување стапките на придонесите за социјална заштита на општина Струмица за 1989 година („Службен весник на СРМ" бр. 23/89).

Член 2

Членот 3 се менува и гласи:

„Основицата за пресметување на придонесот од доходот на организациите на здружен труд претставува остварениот доход зголемен за искажаните износи во образецот Биланс на успехот во делот деловни расходи и тоа: премии за осигурување, трошоци на камата и ревалоризација на динарски обврски, негативни курсни разлики, вкалкулирани резервирања на нематеријални трошоци и вкалкулирани резервирања на трошоците на финансирање на дејностите.

Основицата за пресметување на месечната аконтација на придонесот од доходот на организациите на здружен труд претставува остварениот доход валоризиран со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката или со процентот на пораст на просечниот чист личен доход по работен во организацијата согласно член 17 став 2 од Законот за данок на доход на организациите на здружен труд.

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 08-60/1
27 јуни 1989 година
Струмица

Претседател,
**Борка Тасева,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — ТЕТОВО

235.

Врз основа на член 25 од Статутот на Самоуправната интересна заедница за социјална заштита — Тетово, Извршниот одбор на Заедницата, на седницата одржана на 27 јуни 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — ТЕТОВО ЗА 1989 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се утврдува висината на стапките на придонесите што ги уплатуваат работните луѓе од доходот на ОЗТ и од личен доход од работен однос како и други придонеси, заради обезбедување средства на Заедницата.

2. Стапките на придонесите на Заедницата се утврдуваат во висина од:

— придонес од личен доход од работен однос на ОЗТ од стопанството, по стапка од 0,38%,

— придонес од личен доход од работен однос од нестопанство, по стапка од 0,50%,

— придонес од личен доход од земјоделска дејност по стапка од 0,20%,

— придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејнсот, по стапка од 2%,

— придонес од личен доход од самостојно вршење на нестопанска дејност, по стапка од 2%,

— годишен паушален износ од општинскиот данок од личен доход од самостојно вршење на стопанска и професионална дејност по стапка од 10%.

3. Основицата за пресметување на придонесот од доходот на ОЗТ претставува остварениот доход зголемен за искажаните износи во образецот Биланс на успехот во делот деловни расходи, и тоа: премии за осигурување, трошоци и ревалоризација на динарски обврски, негативни курсни разлики, вкалкулирани резервирања на нематеријални трошоци и вкалкулирани резервирања на трошоците на финансирање на дејностите.

Основицата за пресметување на месечната аконтација на придонесот од доходот на ОЗТ претставува остварениот доход валоризиран со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката или со процентот на порастот на просечниот чист личен доход по вработен во организацијата согласно член 17 став 2 од Законот за данок од доход на организациите на здружен труд.

4. Во поглед на роковите и начинот на пресметувањето, уплатувањето, застареноста и присилната наплата на придонесот од доходот ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за данокот од доходот на организациите на здружен труд, а за придонесите од личниот доход ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за даноците на граѓаните.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

6. Со донесувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 08-17/2 од 16 мај 1989 година.

Бр. 08-26/1
27 јуни 1989 година
Тетово

Претседател,
**Беќир Адеми**, с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II — СКОПЈЕ

Пред овој суд е заведен спор за право на користење по тужбата на тужителката Василка Трајкова од Скопје, ул. „Емил Зола“ бр. 9-1-7, против тужените Николовски Стојко, Николовски Александар, Марковиќ Невена, Илиева Нада, Пејановиќ Марика, сите од Скопје, и Ристевска Љубица, со непозната адреса. Вредност на спорот 5.000.000 динари.

Се повикува тужената Ристовска Љубица од Скопје да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на огласот или во истиот рок да ја достави својата сегашна адреса на живеење.

Доколку тужената не се јави во рок од 30 дена, ќе ѝ биде одреден привремен старател во смисла на чл. 84 од ЗПП кој ќе ги застапува нејзините интереси пред судот до окончувањето на постапката или до нејзиното појавување во судот.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, VI П. бр. 1947/89.

---

Пред овој суд е заведен спор по тужбата на тужителката Перса Станојевиќ од с. Огњанци, Скопско, против тужениот Пејо Дано Бубало кој порано живеел во с. Огњанци, Скопско, а сега со непозната адреса.

Се повикува тужениот Пејо Дано Бубало да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас или во истиот рок да ја достави сегашната адреса на живеење.

Доколку тужениот не се јави во рок од 30 дена, на истиот ќе му биде одреден привремен старател кој ќе ги застапува неговите интереси пред судот.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, II П. бр. 1865/89. (109)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО БИТОЛА

Општинскиот суд во Битола, во правната работа на предлагачот Гоновски Никола од с. Брусник, Битолско, против противниците. Драга Босилкова од с. Брусник — Битолско, Томе Босилковски и Васил Босилковски, двајцата од с. Брусник — Битолско, за физичка делба на недвижен имот, им поставува привремени застапници:

— на противничката Босилковска Драга, адвокатот Димитар Трајковски од Битола.

— на противникот Босилковски Томе, адвокатот Драган Дамевски од Битола.

— на противникот Босилковски Васил, адвокатот Драган Петровски, од Битола.

Противниците ќе ги застапуваат привремените застапници, врз основа на член 84 став 1 и 2 точка 4 од ЗПП, со оглед дека противниците се со непозната адреса.

Поставените привремени застапници ќе ги застапуваат противниците сè додека противниците или нивните полномошници не се јават пред судот, односно додека органот за старателство не го извести судот дека поставил старател.

Од Општинскиот суд во Битола, ВПП бр. 46/89. (107)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ГЕВГЕЛИЈА

Општинскиот суд во Гевгелија поведе постапка за поништување на чекови со сериските броеви од 062871 до 062880. Сите овие 10 чека се трасирани за наплата при Стопанска банка — Гевгелија и се во бланко форма и ја задолжуваат сметката на подносителот на предлогот за поништување на овие чекови — Линговски Љупчо од Гевгелија, со тековна жиро сметка бр. 41610-621-21-80710-03/08.

Се повикуваат сите лица кај кои се наоѓаат цитираните чекови и лицата на кои им е познато каде тие се наоѓаат да се јават во Општинскиот суд во Гевгелија, во рок од 60 дена од денот на објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“. Во истиот рок секое заинтересирано лице

може да вложи приговор против предлогот за поништување на чековите.

Се напомнува на должникот дека со овие чекови не може полноважно да ја исполни својата обврска, да ги обнови или замени чековите, да издаде нови, ниту имателот смее да ги пренесува правата од чековите. Доколку огласниот рок истече без приговор или успех во пронаоѓањето на чековите, чековите ќе бидат поништени.

Од Општинскиот суд во Гевгелија, Р. бр. 60/89. (106)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО СТРУМИЦА

Пред Општинскиот суд во Струмица се води постапка по оставината на покојната Бакалова Лисава од с. Иловица — Струмица, која починала на ден 15. I. 1987 година во с. Иловица, каде и живеела.

Меѓу останатите како наследник на покојната се јавува и Киро Бакалов од Љубљана.

На судот не му е позната, а ниту од смртовницата се гледа на која адреса живее наследникот на покојната. На овој начин го известуваме наследникот Бакалов Киро од Љубљана да се пријави во овој суд во рок од една година од објавувањето на огласот.

Од Општинскиот суд во Струмица, О, бр. 101/88. (104)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред овој суд се води спор за развод на брак од тужителот Емини Хасан Лирим од Тетово ул. „102“ бр. 5, против тужената Емини Шаип Селиме од Тетово, сега со непозната адреса во Швајцарија. Вредност на спорот неопределена.

Се известува тужената Емини Шаип Селиме од Тетово, сега со непозната адреса во Швајцарија, да се јави во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во Општинскиот суд во Тетово или во истиот рок да постави свој застапник во земјата кој ќе ги застапува нејзините интереси до правосилното окончување на спорот. Во спротивно, судот ќе ѝ постави привремен старател преку Центарот за социјални работи во Тетово кој ќе се грижи за нејзините интереси до правосилното окончување на спорот.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 920/89. (100)

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за издршка по тужбата на тужителите Шаќири Ѓузел, Шаќири Шефкете и Шаќири Фаредин, сите д с. Г. Речица, против тужениот Шаќири Шакир Имер од с. Г. Речица, сега на привремена работа во Швајцарија, со непозната адреса.

Се повикува тужениот да се јави во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во судот, да достави точна адреса или да одреди полномошник кој ќе го застапува по овој предмет. По истекот на овој рок, судот на тужениот ќе му постави привремен застапник преку Центарот за социјални работи во Тетово, кој ќе го застапува до правосилното окончување на спорот.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 554/89. (101)

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води постапка за развод на брак по тужбата на Имери Серимијете, род. Фаризе, од с. Лисец, против тужениот Имери Илјаз од с. М. Речица, а сега се наоѓа во Норвешка, со непозната адреса.

Се повикува тужениот да се јави во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во судот, да достави адреса или огласи полномошник кој ќе го застапува во постапката до нејзиното окончување. Во спротивно, судот преку Центарот за социјални работи во Тетово ќе му постави привремен застапник.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 935/89. (102)

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за сопственост по тужбата на тужителот Јанковски Димчев Ѓорѓи од Тетово, ул. „Предраг Јанчевски“ бр. 22, против тужената Хаџијовановска вд. Николина од Тетово, сега со непознато место на живеење во СР Србија.

Се повикува тужената да се јави во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во судот, да достави точна адреса или да одреди полномошник кој ќе ја застапува во постапката по овој предмет. По истекот на овој рок судот ќе ѝ постави привремен застапник преку Центарот за социјални работи во Тетово.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 909/89. (103)

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Џемиле Арифи од Тетово, против тужениот Џеладин Арифи од Тетово, сега со непозната адреса во СР Германија.

Се повикува тужениот да се јави во судот, да достави адреса или овласти полномошник кој ќе го застапува пред овој суд до окончувањето на постапката.

Во спротивно, по истекот на 30 дена, судот преку Центарот за социјални работи ќе му постави привремен застапник.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 953/89. (105)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО ШТИП

Пред Општинскиот суд во Штип поведена е постапка за надомест на штета од тужителот РО „Максигнал“ — Скопје против тужените Сулиманов Демир од Штип, на издржување воспитна мерка во ВПП — Тетово, и против тужениот Сулиманов Ќамил Канин од Виница, ул. „Иво Лола Рибар“ бр. 34 кој со семејството се наоѓа во СР Германија. Вредност на спорот 9.500.000 динари.

Се повикува тужениот Сулиманов Ќамил Канин од Виница да се јави во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас во судот или, пак, некое друго лице што ја знае неговата адреса или да одреди полномошник.

Во спротивно, ќе му биде поставен привремен застапник во смисла на член 84 од ЗПП, кој ќе ги застапува неговите интереси до окончувањето на спорот.

Од Општинскиот суд во Штип, П. бр. 304/87. (99)

## ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I — СКОПЈЕ

Пред овој суд се води постапка за утврдување право на сопственост на зграда и трајно право за користење на земјиште кое служи за редовна употреба на зградата по тужбата на тужителот Петре Мирчевски од Скопје, со стан на ул. „Иво Лола Рибар“ бр. 6, против тужените Усеинов Мамутов Камбер и Усеинов Мамутов Сулејман, со непозната адреса. Вредност на спорот 5.001.000 динари.

За привремен застапник на тужените е поставен со решение на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи на град Скопје, Кирил Чејковски, адвокат од Скопје, кој ќе ги застапува тужените до нивното јавување во судот.

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје, XIII П. бр. 1373/89. (108)

## ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II — СКОПЈЕ

Пред овој суд е заведен граѓански спор за развод на брак по тужбата на тужителот Исамедин Елез од Скопје, против тужената Вешал Лирија од Скопје, сега со непозната адреса на живеење и престојување. Вредност на спорот 100.000 динари.

Се повикува Вешал Лирија од Скопје, да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас или во истиот рок, да ја достави својата сегашна адреса на живеење или престојување.

Доколку тужената не се јави во рок од 30 дена по објавувањето на судскиот оглас ќе и биде одреден привремен старател во смисла на член

84 и член 86 од ЗПП кој ќе ги штити нејзините интереси пред судот и ќе ја застапува се до окончувањето на постапката или до нејзиното појавување во судот.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, П. бр. 1242/89. (110)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО КАВАДАРЦИ

Пред овој суд се води спор за зголемување на одлука за издршка по тужбата на малолетната тужителка Александра Петрова од Д. Капија ул. „Партизанска" бр. 63, застапувана од законската застапничка мајката Славка Петрова од Д. Капија, против тужениот Ацо Самарџиев од Кавадарци ул. „Пиринска" бр. 39, а сега на привремена работа во Шведска, со непозната адреса.

Се повикува тужениот Ацо Самарџиев од Кавадарци, да се јави во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во Општинскиот суд во Кавадарци, или во истиот рок да достави точна адреса на живеење и работа.

Доколку тужениот не се јави во рок од 30 дена на истиот ќе му биде поставен привремен застапник, адвокатот Томе Спанџов од Кавадарци, кој ќе ги застапува неговите интереси и права по овој спор.

Од Општинскиот суд во Кавадарци, П. бр. 364/88.

## О Б Ј А В А

Врз основа на член 20-а од Законот за данокот од доходот на организациите на здружен труд („Службен весник на СРМ" број 42/80, 38/83, 22/85, 42/85, 46/86, 7/88, 14/88, 42/88, 51/88 и 18/89), Републичкиот завод за статистика го утврдува и го објавува

## ПРОЦЕНТОТ НА КУМУЛАТИВНИОТ ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ-ЈУНИ 1989 ГОДИНА

Кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката во периодот јануари-јуни 1989 година во однос на просечните цени на мало во 1988 година изнесува 268,6%.

Бр. 02-2933
6 јули 1989 година
Скопје

Директор,
**Светлана Антоновска**, с. р.

## СОДРЖИНА


462. Закон за изменување и дополнување на Законот за патишта — — — — — — — 477
463. Одлука за измена на Одлуката за утврдување на составот на Републичкиот совет за заштита на поредокот утврден со Уставот — — — — — — — — — — 477
464. Одлука за висината на надоместокот за патиштата што се пресметува и наплатува кон цената на нафтените деривати — — 477
465. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за поблиските намени, начинот и условите за користење на паричните средства на Републиката и општините што се водат како депозит во Народната банка на Македонија во 1989 година — — 478
466. Одлука за висината на дневниците за службени патувања во земјата на работниците во републичките органи на управата и во републичките организации, и на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија — — — — — — — — 479
467. Одлука за утврдување на висината на надоместокот за одвоен живот од семејството — — — — — — — — — 479
468. Наредба за определување на месечниот износ на висината на цивилната инвалиднина на цивилните инвалиди од војната за месеците јули, август и септември 1989 година — — — — — — — 479
469. Правилник за изменување на Правилникот за надоместок на трошоците во кривичната и процесната постапка и постапката за стопанските престапи — — — 479
470. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 120/88 од 24 мај 1989 година — — 480
471. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 18/89 од 31 мај 1989 година — — 481
472. Решение на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 91/89 од 19 јуни 1989 година — — 481


**Општи акти на самоуправните интересни заедници**


СКОПЈЕ
225. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување висината на придонесите на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита 482
226. Правилник за основите и мерилата за утврдување на личните доходи и надоместоците на наставниците и воспитувачите за вршење на воспитно-образовната дејност во странство и за финансирање на заедничките трошоци на таа дејност — 483
227. Одлука за износите на стартниот дел на чистиот личен доход и надоместокот за вршење на воспитно-образовна дејност во странство — — — — — — — — 486
228. Одлука за отстапување од бројот на часовите во непосредната дополнителна настава која се обавува во Франција — — 487
229. Одлука за утврдување висината на придонесите на Здружената самоуправна интересна заедница за социјална заштита на град Скопје — — — — — — — — 487
КРИВА ПАЛАНКА
230. Одлука за утврдување на висината и начинот на обезбедување на средствата на ОСИЗ на култура, физичка култура и информатика — Крива Паланка за дејноста физичка култура за 1989 година — — 487
231. Одлука за утврдување на висината и начинот на обезбедувањето на средствата на ОСИЗ на култура, физичка култура и информатика — Крива Паланка за дејноста култура за 1989 година — — — 488
232. Одлука за утврдување на стапките на придонесите за финансирање на предучилишното и основното воспитание и образование и општествена заштита на децата за 1989 година — — — — — — — — 488
РАДОВИШ
233. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување висината на придонесите на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Радовиш — — — — — — — 489
СТРУМИЦА
234. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување стапките на придонесите за социјална заштита на општина Струмица за 1989 година — — — — 489
ТЕТОВО
235. Одлука за утврдување висината на стапките на придонесите на Самоуправната интересна заедница за социјална заштита — Тетово за 1989 година — — — — — 490


**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје ул. „Васил Горгов" бб Пошт. фах. 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје.**